Врз основа на член 58 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, а во врска со член 86 од Законот за банки (Сл.весник на РМ бр.67/07) Надзорниот одбор на банката го дава следното:

## МИСЛЕЊЕ
### за Годишниот извештај за работењето на банката во 2018 година

Надзорниот одбор на банката на ден 10.05.2019 година го разгледа Извештајот за работењето на УНИБанка АД Скопје и смета дека истиот е реален и изработен во согласност со законската регулатива во Република Македонија.

При изготвување на Извештајот се земени во предвид општите економски услови за работа во 2018 година, споредбени трендови на движење на актива, кредити и депозити во банкарскиот систем на Македонија и во УНИБанка АД Скопје и прикажани се достигнувањата на банката во 2018 година, односно за период од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година.

Во 2018 година банката оствари вкупна добивка од 4,4 мил.евра. Растот на нето приходите од камати беше најзначаен елемент на нето банкарскиот приход се должи на зголемување на каматните приходи како резултат на високиот пораст на кредитното портфолио на банката.

Анализата на депозитната база на банката за 2018 година покажува дека депозитите на нефинансиски субјекти продолжија да бидат главна движечка сила на зголемениот финасиски потенцијал со апсолутен годишен пораст од 39,3милиони евра, пред се како резултат на доминантниот пораст на депозитите од население кои бележат годишно зголемување од 16,7%.
Соодветно на растот на изворите на средства, вкупната актива на банката забележа пораст од 25,6%, односно во апсолутен износ надмина 330 милиони евра.
Зголемувањето на активата во најголем дел се должи на пораст на кредитното портфолио кое забележа годишен пораст од 27,5%, со особен акцент на кредитирањето на население кое забележа пораст од 30,5%.
Во 2018 година се задржа висок квалитет на кредитното портфолио со вкупен процент на резервираност од само 1,00%.
Во текот на целата година ликвидноста беше на соодветно ниво, во просек од 22%, што овозможи непречено извршување на финансиските активности.
Банката ја заврши годината со стабилни капиталови показатели и адекватност на капитал од 13,9%
Направен е осврт на управувањето со ризици, а успешното управување со банкарските ризици претставува навремено идентификување на можните ризици во работењето, нивното мерење и следење со цел за успешно работење на банката.
Корпоративното управување на банката претставува достигнување на високо ниво на одговорност, ефикасност и праведност во сите области од своето работење и банката е насочена кон развој на добри корпоративни практики кои се основа за развој и успешен бизнис.
Надзорниот одбор на банката е задоволен од работењето на банката, имајќи го во предвид општото економското опкружување.
Според мислење на Надзорниот одбор, Годишниот извештај дава објективна слика за работењето на банката во 2018 година, состојбата на нејзините средства и финансиските резултати.
Мислењето на Надзорниот одбор заедно со Извештајот на работењето на банката за 2018 година да се достави до Собранието на акционери на банката.

10.05.2019 година

НАДЗОРЕН ОДБОР
ПРЕТСЕДАТЕЛ